РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-232/5
06-08-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на продолжението на 8-та седница одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-232/1 од 12.01.2024 година, против ------------------------------ за неисплатени ------------------------- во 2014 година, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават до Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со 12-232/1 од 15.01.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 12.01.2024 година, поднесена е пријава против --------------------- за неисплатени субвенции ---------------------- во 2014 година.

Во пријавата подносителот наведува дека во 2014 година, по објавениот оглас од страна на ---------------- за доделување на субвенции за ------------------ ја посетил канцеларијата на ------------- каде упатил прашање до вработените лица за тоа какви документи се потребни за аплицирање за добивање на -------------------. По што, наведува дека ги запишал сите потребни документи кои му требаат да аплицира, но вработениот во ----------- пропуштил да му каже дека треба од продавачот на -------------- во која ќе се купува -------------, задолжително да побара документ Решение, од кој ќе се види дека таа ----------------- е евидентирана во Регистарот на снабдувачи на ----------------, а кој Регистар се водело во --------------------------------.

Исто така подносителот наведува дека откако ги испратил потребните документи до ------------- за добивање на субвенции за --------------- на 30.04.2015 год, добил Решение ----------- каде бил известен дека немало да ги добие бараните субвенции бидејќи ------------------- од ------------ од која го купил ----------- не била евидентирана во Регистарот на снабдувачи на ------------- кој се води во ------------------------. Подносителот на пријавата поднел тужба до Управниот суд на Република Македонија, кој донел Пресуда ----------------- од 08.06.2016 година, со која тужбата ја уважил, а решението на -------------- го поништил.

Постапувајќи по жалбата на --------------------, Вишиот управен суд на Република Македонија донел ------------------ од 25.08.2017 година, со која жалбата била одбиена, а Пресуда ---------------- од 08.06.2016 година била потврдена.

-------------- при повторно постапување по барањето на подносителот, донел Решение ---------------- од 13.11.2017 година со кое повторно го одбил неговото барање за исплата.

По ова, а постапувајќи по тужбата на подносителот на пријавата, Управниот суд донел Пресуда --------------- од 02.03.2018 година, со која овој пат ја одбил тужбата како неоснована.

Подносителот на пријавата изјавил жалба до Вишиот управен суд, којштo со Пресуда ---------------- од 03.09.2018 година ја одбил жалбата како неоснована и ја потврдил пресудата на Управниот суд.

Подоцна, подносителот на пријавата поднел тужба за повторување на постапката до Управниот суд, но истиот со Решение --------------- од 02.12.2021 година, ја отфрлил тужбата.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава со прилозите ќе се достават до Судски совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk